Република Северна Македонија
**Министерство за култура**
Сектор за управен и инспекциски надзор

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Kulturës**
Sektori i Mbikëqyrjes Administrative dhe Inspektuese

Република Северна Македонија, Национална установа ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ
Republika e Maqedonisë së Veriut Institucioni Nacional ENTI I MUZEUT MBROJTJES SË MONUMENTEVE TË KULTURËS DHE

| Примено/E pranua | 25.03.2022 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Njësia Org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlerë |
| 03 | 334/2 | | |


# **ЗАПИСНИК**
## **за извршен инспекциски надзор**
**Ип 1 бр. 57-21**
**Датум: 21.03.2022 година**

1) Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор

| | | |
|---|---|---|
| Назив на субјектот на надзор | РСМ, Национална установа – Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Охрид | |
| Седиште/адреса на субјектот | Ул. „Боро Шаин“ бр. 10 – Охрид | |
| Адреса за е-пошта | zimohrid@yahoo.com | |
| Телефон | (046) 262 498 | |
| Матичен број на субјектот | | |
| Даночен број на субјектот | | |
| Број на жиро сметка на субјектот | | |
| Банка депонент | Народна банка на РСМ | |
| Одговорно/и лице/а на субјектот: | | |
| Име и презиме: | Телефон | Е-пошта |
| директор | | |

2) Податоци за инспекцискиот надзор

| | | | |
|---|---|---|---|
| Вид на инспекциски надзор | <u>1. РЕДОВЕН</u> | 2. ВОНРЕДЕН | 3. КОНТРОЛЕН |
| Датум на почеток на инспекцискиот надзор | 16.03.2022 г. | Време на почеток на инспекцискиот надзор | 9.30 |
| Датум на завршување на инспекцискиот надзор | 21.03.2022 г. | Време на завршување на инспекцискиот надзор | 16.00 |
| Назив на објектот каде се врши надзорот | РСМ, Национална установа – Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Охрид | | |
| Главна дејност на објектот каде се врши надзорот | Заштита на историски места и градби, како и слични знаменитости за посетители (шифра 91.03) | | |
| Адреса на објектот каде се врши надзорот | Ул. „Боро Шаин“ бр. 10 – Охрид | | |


Министерство за култура
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643 и 075/273-066
www.kultura.gov.mk

3) Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на Месечниот план за работа на Секторот за управен и инспекциски надзор во Министерството за култура (**во натамошниот текст: СУИН на МК**) за месец март 2022 година, бр. 57-49/3 од 03.03.2022 година.

4) Инспекцискиот надзор е извршен од: [redacted] виш инспектор при Секторот за управен и инспекциски надзор во Министерството за култура на РСМ. За почетокот на вршењето на редовниот инспекциски надзор, известен е субјектот на надзорот со Допис Ип. 1 бр. 57-21 од 09.03.2022 г., во согласност со член 69 став (2) од Законот за инспекциски надзор („Сл. весник на РМ" бр. 102/19 - во натамошниот текст **ЗИН**).

5) Предмет на редовниот инспекциски надзор е примена на Законот за културата во работењето на Национална установа–Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј–Охрид (**во натамошниот текст: Завод**), како и наменското користење на средствата добиени од Буџетот на РСМ, преку Министерството за култура, за реализација на Годишната програма за работа на Установата за 2021 година, согласно со истиот закон.

6) Во извршувањето на инспекцискиот надзор е употребена листа за проверка којашто е дадена во прилог и е составен дел на овој записник.

7) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, субјектот на надзор беше претставуван од:

| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| [redacted] директор | [redacted] | [redacted] |

8) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор учествуваа и лицата:

| Р.бр. | Име и презиме/својство | Телефон |
|---|---|---|
| 1. | [redacted] одговорен сметководител | [redacted] |
| 2. | [redacted] соработник за правни, општи и административни работи, ангажиран со договор за дело | |
| 3. | [redacted] материјален книговодител | |
| 4. | [redacted] архитект-виш конзерватор | |


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

9) Инспекторот кој го изврши инспекцискиот надзор, пред почетокот на надзорот, ги презентираше целите и предметот/опфатот на инспекцискиот надзор и ги објасни правата и обврските на субјектот на надзорот.

10) Во инспекцискиот надзор се констатирани следните наоди за утврдената фактичка состојба:

10.1 - Согласно со член 29 став (1) и (2) и член 30 став (2) од Законот за културата, по пат на јавен оглас, со Решение на министерот за култура бр. 44-6251/2 од 11.05.2021 г., [redacted] е избран за директор на Заводот, со мандат од 4 години. Претходно, одговорно лице на Заводот била [redacted] именувана за в.д. директор од редот на вработените, со решенија на министерот за култура бр. 44-3689/2 од 17.07.2019 г., бр. 44-975/1 од 22.01.2020 г., бр. 44-975/2 од 20.07.2020 г. и бр. 44-743/1 од 20.01.2021 година.
На 25.05.2021 г., во Централниот регистар на РМ, Регионална регистрациона канцеларија во Охрид, извршена е соодветна промена на одговорно лице, односно како лице овластено за застапување на Заводот, запишан е [redacted].
На 28.05.2021 г. во Министерството за финансии, Трезорска канцеларија во Охрид [redacted] е запишан и како овластен потписник на четирите сметки на Установата (буџетска, самофинансирачка и две донаторски), при што на донаторските сметки како овластен потписник е запишан и [redacted]

- Согласно со член 35 став (2) од Законот за културата, со решенијата на министерот за култура бр. 44-1059/1 од 21.01.2019 г., бр. 44-7683/2 од 07.06.2021 г. и бр. 44-1627/4 од 23.06.2021 г. за претседател на Управниот одбор е именуван [redacted] додека за членови на Управниот одбор именувани се [redacted] и [redacted] Со дописите бр. 02-1002/2 од 03.08.2021 г. и бр. 02-358/1 од 16.03.2022 г., Заводот го известил МК за потребата од именување на уште еден член на УО од редот на вработените (при што е предложено едно вработено лице), но досега од МК не е одговорено на известувањата од установата.

- Во Заводот, во примена е Статутот бр. 01-64/1 од 13.1.2016 г., како и измените и дополнувањата бр. 02-124/1 од 30.01.2018 г., бр. 02-878/1 од 15.07.2019 г., бр. 02-1282/1 од 21.11.2019 г., донесени од страна на Управниот одбор согласно со член 36 став (1) точка 1 од Законот за културата културата („Сл. весник на РМ" бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18), а за коишто согласно со член 25 став (2) од истиот Закон, е дадена потребната согласност од министерот за култура.


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

- Во Заводот во примена е Правилникот за внатрешна организација бр. 01-539/1 од 09.07.2020 г. и Правилникот за систематизација на работните места бр. 01-538/1 од 09.07.2020 г., донесени од страна на директорот, а за коишто е добиена потребната согласност од Министерството за информатичко општество и администрација бр. 12/6-457/4 од 21.07.2020 г. и бр. 12/6-457/6 од 15.09.2020 година.

– Согласно со обврската од членот 31-б став (1) од Законот за културата, Заводот до МК има доставено извештаи за остварување на годишната програма за работа на установата за периодот 01.01.2021-30.06.2021 година и извештаи за остварување на годишната програма за работа на установата за периодот 01.07.2021-31.12.2021 година, по дејности.

- Согласно со обврската од членот 70-б став (2) од Законот за културата, националните установи во првиот квартал од тековната година за претходната година доставуваат извештај до МК за реализацијата на годишната програма за работа на националната установа, при надзорот утврдено е дека Заводот до МК сеуште не ги доставил, но дека тоа ќе биде сторено заклучно со 31 март, кога истекува законски утврдениот рок. При надзорот на увид се презентирани подготвените извештаи за реализација на годишната програма за работа на Заводот (за сите дејности), коишто треба само да се укоричат и достават до МК.

- Согласно обврската од член 70 став (1) од Законот за културата, Заводот до МК ја доставил Нацрт – годишната програма за работа на Установата за 2022 година под бр. 01-730/1 од 29.06.2021 г., а за којашто од страна на УО има дадено согласност, бр. 02-624/1 od 11.06.2021 г., што е обврска од член 36 став (1) т. 3 од Законот за културата.

- Во однос на обврската од Колективниот договор за културата („Сл. весник на РСМ" бр. 10/20) за склучување на колективен договор на ниво на работодавач, при надзорот е констатирано дека Заводот и Синдикалната организација, сеуште не склучиле Колективен договор од причини што минативе две години се случувале промени во раководниот тим на синдикалната организација, како и поради пандемијата со Ковид 19. Според изјавите на присутните лица и презентираната документација, веќе е изготвена работна верзија на колективниот договор.

- Во врска со обврската од член 70 став (7) од Законот за културата, директорот на установата, по претходна согласност на управниот одбор да ја донесе Годишната програма за работа на националната установа, во рок од 15 дена од донесувањата


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

на решенијата на министерот за култура за прифаќање на проектите содржани во нацрт-годишната програма за работа, при надзорот е констатирано дека министерот за култура донел Решение за проектите од национален интерес во културата на Заводот за 2022 г., бр. УП 1 31-180/2021 од 03.02.2022 г., а Заводот донел Годишна програма за работа (којашто не е деловоднички заведена), по претходна согласност од УО, со Одлука бр. 02-326/1 од 09.03.2022 година. Притоа, од страна на инспекторот им е укажано на присутните лица на почитување на обврската од член 70 став (7) од Законот за културата, Годишната програма за работа да се донесе во рок од 15 дена од донесување на решението на министерот за култура.

10.2. Финансиското работење со средствата од Буџетот на Р.С. Македонија

Од Буџетот на Р.С. Македонија, преку МК, во текот на 2021 г. финансирана е дејноста на Заводот со средства во вкупен износ од **32.225.952 денари.**
Исто така, во 2021 г. од страна на МК се преведени и **763.265** денари за преостанати обврски од 2020 г. за 5 проекти од заштита на недвижното културно наследство (636.909 денари) и за еден проект од музејската дејност (126.356 денари).

Средствата според годишните договори за 2021 г., во вкупен износ од 32.225.952 денари се преведени за следните намени:

- **плати и придонеси од плати** — **22.022.772 денари**
- **програмски активности** — **8.888.658 денари**
- **материјални трошоци** — **400.000 денари**
- **електрична енергија** — **500.000 денари**
- **комунални трошоци** — **200.000денари**
- **материјали за греење** — **100.000 денари**
- **исплата на отпремнини** — **114.522 денари**

**Според** Банковиот извод бр. 45 од 29.12.2021 г., салдото на нереализирани средства на буџетската сметка на Заводот изнесувало **231.781** денар (131.093 денари од заштита на недвижното културно наследство, 100.000 денари од меѓународна дејност и 688 денари од музејска дејност) коишто на 31.12.2021 г. се вратени во Буџетот на Р.С. Македонија.

Преведените средства, според годишните договори, биле наменети за реализација на проекти од следните дејности:


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

| Р. бр. | Програма | Износ | Забелешка |
|---|---|---|---|
| 1. | 50 – Заштита на недвижното културно наследство и заштита на аудиовизиелните добра | 9.161.655 | -7.847.133 д. за проекти и 1.314.522 д. за материјални трошоци, електрична енергија, комунални трошоци, греење и за отпремнина |
| 2. | 80 – Музејска дејност и заштита на нематеријалното културно наследство | 920.000 | |
| 3. | 90 – Меѓународна дејност | 100.000 | |
| 4. | 94 – Европски интеграции | 21.525 | |
| | Вкупно: | 10.203.180 денари | |

**<u>50 – Заштита на недвижното културно наследство и заштита на аудиовизиелните добра</u>**

Согласно со Договорот за учество во финансирање Годишна програма за работа на Заводот за 2021 г. од областа на заштита на недвижното културно наследство и заштита на аудиовизиелните добра, бр. 32-3580/1 од 06.04.2021 г. и анекс договорите бр. 32-3580/43 од 14.10.2021 г. и бр. 32-3580/62 од 31.12.2021 г., од Буџетот на Р.С. Македонија, преку МК, на Заводот му се одобрени и преведени средства во износ од 9.161.655 денари, од кои **7.847.133** денари за проекти и **1.314.522** денари за материјални трошоци, електрична енергија, комунални трошоци, материјали за греење и за отпремнини.

Проектите од библиотечната дејност се прикажани во следниот табеларен преглед:

| Р.бр. | Назив на проект | Одобрени преведени | Реализирани трошоци | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| | **I Проекти за реализација во 2021 година** | | | |
| 1. | Изготвување проект со геомеханички истражувања за превентивна заштита на криптата од црквата „Св. Богородица Челница“ во Охрид од 14 век, I фаза | 105.000 | 105.000 | **Проектот е реализиран**<br>- Трошоци по договор и фактура за хонорари за геодетско мерење и 2 фактури за изработка на проектна документација и објава на огласи<br>- Платено по банковни изводи 30 од 17.09.2021 г., 44 од 15.12.2021 г. и 45 од 29.12.2021 г. |


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2. | Изработка на конзерваторски проект (конзевација на ѕидови), како и изработка на статички проект за поставување на покривна конструкција на ранохристијанската трибродна базилика на локалитет Св. Еразмо, II фаза | 40.000 | 40.000 | **Проектот е реализиран**<br>- Трошоци по 2 договора и фактури за хонорари за изработка на конзерваторски проекти со две лица.<br>- Платено по банковни изводи 22 од 06.08.2021 г. и 42 од 26.11.2021 г. |
| 3. | Изработка на конзерваторски проект за конзерваторско-реставраторски работи на архитектонски објект на ул. „Партизанска" б.б. на КП 2232 во Струга | 80.000 | 74.117 | **Проектот е реализиран**<br>- Трошоци по 4 договори и фактури за хонорари за изработка на техничка документација и теренски додаток, како и фактури за набавка на канцелариски материјали и гориво, за изработка на мислење и за изводи од катастарски план.<br>- Платено по банковни изводи 27 од 03.09.2021 г., 29 од 16.09.2021 г., 30 од 17.09.2021 г., 32 од 30.09.2021 г., 33 од 04.10.2021 г., 42 од 26.11.2021 г. и 45 од 29.12.2021 г. |
| 4. | Изработка на конзерваторски проект за конзерваторско-реставраторски работи на куќата на [redacted] на КП 1274 КО Вевчани | 80.000 | 80.000 | **Проектот е реализиран**<br>- Трошоци по 4 договори и фактури за хонорари за изработка на техничка документација, теренски додаток и поставување на електрична инсталација, како и фактури за набавка на канцелариски материјали и гориво и за изводи од катастарски план.<br>- Платено по банковни изводи 27 од 03.09.2021 г., 29 од 16.09.2021 г., 30 од 17.09.2021 г., 35 од 18.10.2021 г., 38 од 05.11.2021 г. и 44 од 15.12.2021 г. |
| 5. | Фаза 2, - превентивна заштита на „Римска Бања – локалитет Плаошник (изведување на покривна конструкција и партнерно уредување) | 210.293 | 210.293 | **Проектот е реализиран**<br>- Трошоци по II времена ситуација за изведба на потпорен ѕид на римска бања.<br>- Платено по Банковен извод 44 од 15.12.2021 г. |


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 6. | Реализација на проект за санација на просториите на библиотеката при НУ Завод и музеј – Охрид, втора фаза | 100.000 | 95.710 | **Проектот е реализиран**<br>- Трошоци по 2 договора и фактури за хонорари за изработка на мебел и полици за книги и фактура за оглас<br>- Платено по банковни изводи 30 од 17.09.2021 г., 36 од 27.10.2021 г. и 42 од 26.11.2021 г. |
| 7. | Изработка и реализација на проект за санација на фасада, промена на столарија и покрив на куќа на ул. „Кеј Македонија“ бр. 3 | 42.000 | 42.000 | **Проектот е реализиран**<br>- Трошоци по 3 договори и фактури за хонорари за ревизија на техничка документација и за теренски додаток, како и фактури за сеизмичка заптита, набавка на канцелариски материјали и за изводи од катастарски план.<br>- Платено по банковни изводи 27 од 03.09.2021 г., 31 од 21.09.2021 г., 33 од 04.10.2021 г., 39 од 11.11.2021 г., 40 од 18.11.2021 г. и 44 од 15.12.2021 г. |
| 8. | Тековно одржување на подниот мозаик на локалитетот Манчевци во Охрид | 20.000 | 20.000 | **Проектот е реализиран**<br>- Трошоци по договор и фактура за хонорари за изработка на рекламна табла и фактури за набавка на материјали за конзервација и на песок.<br>- Платено по банковни изводи 17 од 08.07.2021 г., 18 од 09.07.2021 г. и 42 од 26.11.2021 г. |
| 9. | Тековно одржување и санација на оштетените делови од музејскиот комплекс Музеј на вода (објекти и партер) | 1.000.000 | 1.000.000 | **Проектот е реализиран**<br>- Трошоци по 2 договора и фактура за раководител на проект и стручен надзор, по завршна ситуација за тековно одржување и санација и фактурза објава на оглас.<br>- Платено по банковни изводи 30 од 17.09.2021 г., 41 од 19.11.2021 г. и 45 од 29.12.2021 г. |
| 10. | Изготвување на елаборат за ревалоризација на црквата „Св. Софија“ | 20.000 | 20.000 | **Проектот е реализиран**<br>- Трошоци по договор и фактура за изработка на елаборат, фактура за набавка на канцелариски материјал и за изводи од катастарски план.<br>- Платено по банковни изводи 27 од 03.09.2021 г., 31 од 21.09.2021 г., 33 од 04.10.2021 г. и 44 од 15.12.2021 г. |
| | Изработка на проект за конзервација на | 200.000 | | **Проектот е реализиран**<br>- Трошоци по 5 договори и фактури за |



Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 11. | фрескоживописот во црквата „Св. Софија“ во Охрид | | 200.000 | хонорари за изработка на фотодокументација, технички услуги, изработка на проект и фактура за набавка на материјали за конзервација.<br>- Платено по банковни изводи 33 од 04.10.2021 г., 38 од 05.11.2021 г., 42 од 26.11.2021 г., 44 од 15.12.2021 г. и 45 од 29.12.2021 г. |
| 12. | Конзерваторско-реставраторски работи на архитектурата во црквата„ Св. Богородица Заумска“ во с. Трпејца, Охридско | 735.146 | 735.146 | **Проектот е реализиран**<br>- Трошоци по 2 договора и фактури за хонорари за увид и за градежен надзор, по прва времена ситуација за конзерваторско-реставраторски работи и по фактури за објава на оглас.<br>- Платено по банковни изводи 26 од 27.08.2021 г., 35 од 18.10.2021 г., 38 од 05.11.2021 г. и 44 од 15.12.2021 г. |
| 13. | Реализација на непосредна заштита во согласност со Конзерваторски проект за конзерваторско-реставраторски работи за фасада и санација на кровен покривач на објект на ул. „Димитар Влахов“ бр. 37, КП 15101 КО Охрид 3, Куќа на Хаџиеви (втора фаза) | 600.000 | 590.354 | **Проектот е реализиран**<br>- Трошоци по прва времена ситуација и завршна ситуација за непосредна заштита за конзерваторско-реставраторски работи за фасада и санација на кровен покривач и по фактура за објава на оглас.<br>- Платено по банковни изводи 23 од 09.08.2021 г., 30 од 17.09.2021 г. и 42 од 26.11.2021 г. |
| 14. | Подводно рекогносцирање на југоисточниот брег на Охридскиото Езеро | 115.200 | 115.200 | **Проектот е реализиран**<br>- Трошоци по 2 договора и фактури за хонорари за техничкаподдршка на проект и за теренски додаток и 4 фактури за набавка на гориво и компјутерска опрема.<br>- Платено по банковни изводи 42 од 26.11.2021 г. и 45 од 29.12.2021 г. |
| 15. | Изработка на 24 ЗКО во надлежност на НУ Завод за заштита на спомениците накултурата и музеј – Охрид | 100.000 | 50.843 | **Проектот е делумно реализиран (добиено е барање за ЗКО само за ГУП од општина Струга)**<br>- Трошоци по 3 фактури за принтери, компјутерска опрема и кертрици<br>- Платено по банковни 26 од 27.08.2021 г. и 45 од 29.12.2021 г. |


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Вкупно I: | | 3.447.639 денари | 3.378.663 денари | - 68.976 денари се вратени во Буџет на РСМ |
| II – Проекти започнати со реализација во 2020 година | | | | |
| 1. | Фаза 2, - превентивна заштита на „Римска Бања – локалитет Плаошник (изведување на покривна конструкција и партнерно уредување) | 1.983.235 | 1.983.235 | **Проектот е реализиран**<br>-Трошоци по 2 времени ситуации за изведба на потпорен ѕид и 2 фактури за набавка на материјали за објава на оглас.<br>- Платено по банковни изводи 21 од 16.07.2021 г., 23 од 09.08.2021 г., 38 од 05.11.2021 г., 42 од 26.11.2021 г., 44 од 15.12.2021 г. и 45 од 29.12.2021 г. |
| 2. | Изработка на статички проект за поставување на кровна конструкција и презентација на ранохристијанската трикорабна базилика на локалитет Св. Еразмо | 210.282 | 210.282 | **Проектот е реализиран**<br>- Трошоци по повеќе фактури за набавка на канцелариски материјали, гориво, тонери и кертрици, како и по договор и фактруа за хонорар за фотографско документирање на заштитени културни добра.<br>- Платено по повеќе банковни изводи |
| 3. | Непосредна заштита на кровот и поставување на транзени на црквата Св. Богодрица Захумска, с.Трпејца, охридско | 1.848.282 | 1.836.261 | **Проектот е реализиран**<br>- Трошоци по времена и завршна ситуација за извршени работи и фактура за хонорар за раководител на изведување на работите<br>- Платено по банковни изводи 35 од 18.10.2021 г. и 42 од 26.11.2021 г. |
| 4. | Тековно одржување на мозаикот и просторот во „Базилика Улица Климентска“ | 20.485 | 20.485 | **Проектот е реализиран**<br>- Трошоци по 2 договора и фактура за хонорари за одржување на мозаикот и 5 фактури за набавка на материјали за конзервација.<br>- Платено по банковни изводи 17 од 08.07.2021 г., 25 од 24.08.2021 г., 26 од 27.08.2021 г., 32 од 30.09.2021 г. и 42 од 26.11.2021 г. |
| 5. | Монографија „Епиграфските споменици од Плаошник – Охрид“ од | 37.210 | 37.210 | **Проектот е реализиран**<br>- Трошоци по договор и фактура за хонорар за изработка на каталог.<br>- Платено по Банковен извод 12 од 01.06.2021 г. |
| | Изготвување на Елаборат за | 300.000 | | **Проектот е реализиран**<br>- Трошоци по повеќе договори и 5 |



Министерство за културана Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643 и 075/273-066
www.kultura.gov.mk

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 6. | ревалоризација на Охридско природно и културно – историско подрачје кое има својство на споменик на културата и природна реткост | | 249.904 | фактури за ангажирани стручни лица и работници и една фактура за набавка на материјали.<br>- Платено по банковни изводи 18 од 09.07.2021 г., 21 од 16.07.2021 г., 22 од 06.08.2021 г., 26 од 27.08.2021 г. и 35 од 18.10.2021 г. |
| **Вкупно II:** | | **4.399.494 денари** | **4.337.377 денари** | - **62.117 денари се вратени во Буџет на РСМ** |
| **Вкупно I + II:** | | **7.847.133 денари** | **7.716.040 денари** | - **131.093 денари се вратени во Буџет на РСМ** |

**- Материјални трошоци, електрична енергија, комунални услуги, материјали за греење и отпремнини**

Реализацијата на средствата според намени е прикажано во следниот табеларен преглед:

| **Р. бр** | **Намена** | **Одобрени и преведени** | **Реализирани трошоци** | **Забелешка** |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Електрична енергија<br>- конто 421 | 500.000 | 577.963 | - 500.000 денари од конто 421 и 77.963 денари од материјални трошоци<br>-Платено по повеќе фактури од ЕВН Хоме ДОО-Скопје и повеќе банковни изводи<br>- Дополнително, од сопствената сметка, за струја се исплатени 421.956 денари |
| 2. | Комунални трошоци (вода и ѓубрарина)<br>-конто 421 | 200.000 | 315.386 | - 200.000 денари од конто 421 и 115.386 денари од материјални трошоци<br>- Платено по повеќе фактури за потрошена вода (24.712 денари) и за ѓубрарина (290.674 д.) и повеќе банковни изводи<br>- Дополнително, од сопствената сметка исплатени се 12.416 денари за вода и 17.168 денари за ѓубрарина |
| 3. | Материјали за греење | 100.000 | 164.808 | - 100.000 денари од конто 421 и 64.808 денари од материјални трошоци<br>- Платено по 2 фактури од "Тритерол |


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | -конто 421 | | | Петрол“ ДООЕЛ-Скопје за набавка на нафта за греење<br>- Платено по два банкови изводи |
| 4. | Материјални трошоци за реализација на Програмата | 400.000 | 141.843 | - Средствата се реализирани за трошоци за пошта, отпадни води и третман на отпадни води, Централен регистар на РСМ (за годишна сметка) и сл.<br>-Платено по повеќе банковни изводи |
| 5. | Исплата на отпремнини | 114.522 | 114.522 | - Исплатени се отпремнини за двајца вработени<br>- Платено по два банкови изводи |
| | **Вкупно:** | **1.314.522 денари** | **1.314.522 денари** | |

**<u>80 – Музејска дејност и заштита на нематеријалното културно наследство</u>**

Согласно со Договорот за учество во финансирање Годишна програма за работа на Заводот за 2021 г. од областа на музејската дејност и заштита на нематеријалното културно наследство, бр. 31-3386/1 од 01.04.2021 г., на Заводот му се одобрени и преведени средства во износ од **920.000** денари.

Проектите од музејската дејност се прикажани во следниот табеларен преглед:

| **Р. бр** | **Назив на проект** | **Одобрени и преведени** | **Реализирани трошоци** | **Забелешка** |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Конзервација на накит и предмети за лична употреба од етнолошка збирка за Завод и музеј - Охрид | 50.000 | 50.000 | **Проектот е реализиран**<br>-Трошоци по 6 фактури за набавка на материјали за конзервација, канцелариски материјали, тонери, кертрици и хонорар за конзерваторски надзор.<br>- Платено по банковни изводи 42 од 26.11.2021 г. и 45 од 29.12.2021 г. |
| 2. | Тековно одржување и заштита на дрвени етнолошки предмети | 20.000 | 20.000 | **Проектот е реализиран**<br>-Трошоци по 5 фактури за набавка на материјали за конзервација,<br>- Платено по банковни изводи 15 од 21.06.2021 г., 38 од 05.11.2021 г. и 42 од 26.11.2021 г. |


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 3. | Набавување на техничка опрема и систем за вентилација за потребите на конзерваторската лабораторија при НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј Охрид | 400.000 | 399.312 | - **Проектот е реализиран**<br>-Трошоци по 2 фактури за набавка на техничка опрема и фрижидер<br>- Платено по банковни изводи 44 од 15.12.2021 г. и 45 од 29.12.2021 г. |
| 4. | Тековно одржување и конзервација на Збирка историски предмети | 30.000 | 30.000 | **Проектот е реализиран**<br>-Трошоци по 2 договора и фактури за хонорари за копнзервација и одржување на старо оружје од депото на Заводот.<br>- Платено по банковни изводи 25 од 24.08.2021 г. и 35 од 18.10.2021 г. |
| 5. | Самоилова Тврдина/Цитадела | 300.000 | 300.000 | **Проектот е реализиран**<br>- Трошоци по повеќе договори и 6 фактури за ангажирани стручни лица и работници заархеолошки истражувања на тврдината.<br>- Платено по банковни изводи 30 од 17.09.2021 г., 35 од 18.10.2021 г. и 42 од 26.11.2021 г. |
| 6. | Конзервација и реставрација на археолошки предмети од античката збирка при Завод и музеј Охрид | 120.000 | 120.000 | **Проектот е реализиран**<br>-Трошоци по 5 фактури за набавка на канцелариски материјали, материјали за конзервација, печатар и компјутерска опрема<br>- Платено по банковни изводи 41 од 19.11.2021 г., 42 од 26.11.2021 г. и 45 од 29.12.2021 г. |
| | **Вкупно:** | **920.000 денари** | **919.312 денари** | **- 688 денари се вратени во Буџетот на РСМ** |

**90 – Меѓународна дејност**

Согласно со Договорот за учество во финансирање Годишна програма за работа на Заводот за 2021 г. од областа меѓународната дејност, бр. 33-3224/1 од 29.03.2021 г., од Буџетот на Р. С. Македонија, преку МК, на Заводот му се одобрени средства во износ од 180.000 денари за реализација на проектот **„Реализација на Меѓународната летна школа за архитектура и дизајн во Охрид“**, а во текот на 2021 г. преведни се 100.000 денари.


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

За реализација на проектот, склучени се 4 договри за дело со лицата [redacted], [redacted] за исплата на надомест како предавачи-професори на Школата, во поединечни бруто износи од 45.000 денари. За исплата на хонорарите за предавачи на Школата добиена е Фактура бр. 3628 од 26.10.2021 г. од Агенцијата „Веда“ ДООЕЛ-Скопје. Притоа, според изјавите на присутните лица, со предавачите било договорено во хонорарите да бидат вклучени и сместувањето, исхраната и патните трошоци, при што од страна на инспекторот е укажано дека намената на надоместот треба да биде наведен и во договорите за дело и во фактурата од авторската агенција.
Според изјавите на присутните лица и презентираната документација проектот е реализиран, а преведените средства не се искористени и на 31.12.2021 г. се вратени во Буџетот на РСМ.
Со оглед дека преведените средства од МК во износ од 100.000 денари Заводот не ги реализирал, установата треба исплатата на обврската во тој износ да ја изврши од сметката за самофинансирачки активности. Истовремено, МК има преостаната обврска кон Заводот во износ од 80.000 денари.

**<u>94 – Европски интеграции</u>**

Согласно со Договорот за учество во финансирање Годишна програма за работа на Заводот за 2021 г. од областа на европските интеграции, бр. 37-3482/1 од 02.04.2021 г., од Буџетот на Р. С. Македонија, преку МК, на Заводот му се одобрени и преведени средства во износ од **21.525** денари за реализација на проектот **„Членство во „Европската мрежа за туризам и маркетинг на градовите со тврдини“ и активно учество во проектот „Европскиот културен пат на утврдени споемници“-„**FORTE CULTURA“. Преведените средства се исплатени по Фактура бр 27/664/57182 од 18.02.2021 г. од „FORTE CULTURA“, Берлин, Германија (на износ од 350 евра), преку откуп на девизи од Народна банка на РСМ во износ од 21.525 денари (Банковен извод бр. 20 од 15.07.2021 година).

10.3. Ненамирени обврски

Според презентираната сметководствената документација, како и изјавите од присутните лица, при надзорот е утврдено дека Заводот нема ненамирени обврски кон доверители од претходни години, а преостанатите обврски за проектите од 2021 година се наведени во Договорот со МК за 2022 година.

**- Врз основа на утврдената фактичка состојба при вонредниот инспекциски надзор, се констатира дека:**


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ “ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

1. Според изјавите на присутните лица и презентираната документација, Заводот ја реализирал годишната програма за работа на установата за 2021 година, а преведените средства за реализација на проектите се потрошени наменски.

2. Согласно со Договорот од областа меѓународната дејност, бр. 33-3224/1 од 29.03.2021 г., на Заводот му се одобрени средства во износ од 180.000 денари за реализација на проектот „Реализација на Меѓународната летна школа за архитектура и дизајн во Охрид", а во текот на 2021 г. преведни се 100.000 денари. Проектот е реализиран, а преведените средства не се искористени и на 31.12.2021 г. се вратени во Буџетот на РСМ. Со оглед дека преведените средства од МК во износ од 100.000 денари Заводот не ги реализирал, установата треба исплатата на обврската во тој износ да ја изврши од сметката за самофинансирачки активности. Истовремено, МК има преостаната обврска кон Заводот во износ од 80.000 денари.

3. Според изјавите на присутните лица и презентираната документација, Заводот има постапено согласно со одредбите од Законот за културата во однос на доставување на полугодишни извештаи за реализација на годишната програма за работа на установата за 2021 година, како и на Нацрт - годишната програма за работа на установата за 2021 година.

4. Во врска со обврската од член 70 став (7) од Законот за културата, по претходна согласност на управниот одбор, директорот на установата да ја донесе Годишната програма за работа на националната установа, во рок од 15 дена од донесувањата на решенијата на министерот за култура за прифаќање на проектите содржани во нацрт-годишната програма за работа, при надзорот е констатирано дека министерот за култура донел Решение за проектите на Заводот за 2022 г., бр. УП 1 31-180/2021 од 03.02.2022 г., а Заводот донел Годишна програма за работа (којашто не е деловоднички заведена), по претходна согласност од УО, со Одлука бр. 02-326/1 од 09.03.2022 година. Притоа, од страна на инспекторот им е укажано на присутните лица на почитување на обврската од член 70 став (7) од Законот за културата, Годишната програма за работа да се донесе во рок од 15 дена од донесување на решението на министерот за култура.


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

**- Оттука, согласно со член 85 т. 1 од ЗК, а во врска со член 79 став (2) т. 6 од ЗИН, ќе биде донесено решение со опомена со коешто ќе биде определен рок за отстранување на неправилноста од точка 2., односно, со оглед дека преведените средства од МК во износ од 100.000 денари Заводот не ги реализирал, установата треба исплатата на обврската во тој износ да ја изврши од сметката за самофинансирачки активности.**

Заради обемот и сложеноста на инспекцискиот надзор, записникот е составен во службените простории на СУИН на МК во согласност со член 82 став (3) од ЗИН

11) Со содржината на овој записник и со утврдената фактичка состојба е запознаен субјектот на надзорот, кој ИМАШЕ/НЕМАШЕ забелешки.

12) Забелешки на претставникот на субјектот на надзорот:

| | | | |
|---|---|---|---|
| Потпис на претставникот на субјектот на надзор: [redacted] директор | [redacted] | Печат и потпис на инспекторот за култура: [redacted] виш инспектор | [redacted] |
| Датум: | 03.2022 г. | Датум: | 21.03.2022 г. |



Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk